Телата за еднаквост во регионот се главните шампиони и институционални борци во промоцијата и заштитата на еднаквоста и недискиминацијата. Тие се јавни институции кои им помагаат на жртвите од дискриминација и придонесуваат да се развива свеста за правата и општественото вреднување на еднаквоста помеѓу граѓаните и различните групи на граѓани. Овие јавни институции (иако со различни називи и различна внатрешна структура на одлучување) ја сочинуваат главната мрежа за одговор на неправедниот третман и недискриминација во регионот. Тие имаат посебна улога за разлика од извршната власт и граѓанските организации и гарантираат дека еднаквиот третман ќе се почитува следејќи ги следните законски надлежности:

- прифаќање на претставки/поплаки од секој што доживува дискриминација;
- иницирање и/или замешување во судски постапки за заштита од дискриминација;
- собирање и следење на податоци за еднаквост;
- спроведување на истражувања за еднаквоста во општеството;
- давање препораки и мислења до креаторите на политиките и законодавците;
- подигање на свеста за еднаквоста и почитување на човековите права;
- поднесување на годишен извештај за својата работа до органите надлежни за следење на работата на овие тела;
- и друго.

Секој има право да живее исполнет живот со достоинство без разлика на возраста, полот, сексуалноста, родовиот идентитет, националноста, етничката припадност, религијата, политичко уверување, боја на кожа, образование или која било друга основа. А телата за еднаквост имаат законска надлежност да реагираат и одлучуваат на секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторските основи.


ПРЕТСТАВКИ ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО БРОЈКИ
Телата за еднаквост во регионот, 2021 г.
ДРЖАВА И ИМЕ НА ИНСТИТУЦИЈА
Хрватска: Народна правобранителка на Република Хрватска
Србија: Комесар за заштита на рамноправноста
Црна Гора: Заштитник на човекови права и слободи
Албанија: Комесар за заштита од дискриминација
Северна Македонија: Комисија за спречување и заштита од дискриминација
ПРОЦЕНТ НА ПРЕТСТАВКИ СО УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА
Северна Македонија 24%
Србија 9%
Црна Гора 11%
Хрватска 51%
Албанија 19%
БРОЈ НА ПРЕТСТАВКИ ОД РАЗЛИЧНИ ПОДНОСИТЕЛИ
Северна Македонија 110 43 12 2
Србија 599 69 18 0
Црна Гора** 912 5 14 37
Хрватска** 372 37 0 25
Албанија 274 28 0 0
Физички лица или група на граѓани
Здруженија или државни органи
Правни лица/ приватни субјекти
Службена должност
БРОЈ НА ПОСТАПУВАЊА ПО ПРЕТСТАВКИ*
Северна Македонија 167
Србија 686
Црна Гора 1123
Хрватска 638
Албанија 302
* Извор: Податоците се преземени од годишните извештаи на телата за еднаквост за 2021 г. Притоа земени се предвид телата за еднаквост кои објавиле годишни извештаи на своите веб страници, а во кои се претставени бројки за сработените претставки за дискриминација, претставки во кои е утврдена дискриминација и претставки од различни подносители.
** Во извештаите на телата за еднаквост во Црна Гора и Хрватска, претставките кои пристигнале во 2020 г., а по кои било постапено во 2021 г., не се поделени според подносители. Во Хрватска број на овие претставки изнесува 169, а во Црна Гора 155.
Овој проект е финансиран од Европската Унија
ЕУ со ТЕБЕ
Овој инфографик е подготвен со помош на Европската Унија.Содржината на овој инфографик е единствена одговорност на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и во никој случај не може да се смета дека е одраз на ставовите на Европската Унија.
КОМИСИЈАТА ЗА АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА ЈА ИЗВРШУВА СВОЈАТА ПРЕВЕНТИВНА И ЗАШТИТНА УЛОГА
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС